ИСТОЧЕН РЕГИОН

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
BUREAU FOR REGIONAL DEVELOPMENT

# ЗАПИСНИК

## од Втора форумска сесија во Источен плански регион

**Датум: 25.12.2023 година, Место: Хотел Изгрев - Штип, Време: 10:30 часот**

**Присутни граѓани:** Вкупно: **56**

Мажи: **25** Жени: **31** Ранливи групи: **/**

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 08-355/3
26.12.2023 год.
ШТИП

**Модератор: Васка Драшковиќ, ко-модератор: Андреа Златковска**

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

| | |
|---|---|
| 10:30 – 11:00 | Пристигнување и регистрација на учесниците |
| 11:00 – 11:15 | ✓ Презентирање на целите на сесијата и осврт на оценката од претходната сесија<br>✓ Преглед на претходната сесија и работата меѓу сесии |
| 11:15 – 11:30 | Преглед на учеството и правото на гласање |
| 11:30 – 12:15 | Презентација и дискусија за развиените концепти за предлог проекти |
| 12:15 – 12:30 | Пауза |
| 12:15 – 12:30 | Кафе пауза |
| 12:30 – 13:10 | ✓ Презентација на начинот на приоретизирање за предлог проекти финансирани од програмата на БРР<br>✓ Приоретизирање по работни маси<br>✓ Соопштување на резултатите |
| 13:10 – 13:20 | ✓ Оценка на форумската сесија<br>✓ Следни чекори |
| 13:30 | Коктел |

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Модераторот г-ѓа Васка Драшковиќ ја отвори форумската сесија, ги поздрави присутните и им посака успешна работа во втората сесија на регионалниот форум. Таа даде краток осврт за проектот и претходната форумска сесија, како и на периодот помеѓу двете сесии, објаснувајќи дека на минатата сесија биле идентификувани приоритетните области за развој на регионот, формирана структурата на форумот, усвоени правилата, учесниците беа запознаени со форумскиот процес и проектот и како резултат од сесијата после

дискусијата, произлегоа приоритетни проблеми кои беа групирани и кои беа основа за развивање на решенија во периодот помеѓу двете сесии. Додека пак на денешната сесија целта ќе биде да се приоретизираат концептите кои што беа одобрени од страна на Советот за развој на Источен плански регион на својата седница.

Потоа, директорката на Центарот за развој на Источен плански регион, г-ѓа Зујица Ангелова, ги поздрави присутните и им се заблагодари за учеството. Таа даде кратко образложување за периодот помеѓу двете форумски сесии, објаснувајќи го процесот на теренска анализа во сите 11 општини и идентификуваните проекти од 6-те групи на приоритетни проблеми определени на Првата форумска сесија. Таа сподели и податоци за финансиската конструкција, како и даде кратка информација за изработените 6 концепти со вкупна вредност од 80.000.000,00 денари што ги надминува предвидените 50.000.000,00 денари.

Ги информираше присутните дека во периодот по завршувањето на Првата форумска сесија па сè до 22 декември, беше изработена cost-benefit анализа од страна на независен експерт за секој од предлог концептите, како би се проценил односот меѓу трошоците и придобивките поврзани со предложените проекти.

Записникот од Првата форумска сесија беше достапен за разгледување од страна на учесниците, по што модераторот ги праша присутните дали некој има забелешки по однос на неговата содржина, а откако никој не се пријави за дискусија истиот беше едногласно усвоен.

Согласно Правилникот за начинот на спроведување на регионалните форуми и презентацијата на предложените 6 (шест) концепти од страна на надворешниот експерт на XIV-тата седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на 22.12.2023 година, учесниците направија увид во донесената одлука на Советот за развој на Источен плански регион кој го искористи правото за прифаќање на идентификуваните концепти согласно моменталните регионални приоритети, достапните финансиски можности од Програмата за развој на планските региони за 2024/25 година и анализата претставена од страна на експертот. Советот даде поддршка за сите идентификувани концепти кои нудат реални решенија за регионалните проблеми, но согласно расположливиот буџет, едногласно одлучи дека 4 концепти треба да продолжат во форумскиот процес:

- **Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР)**
  Кој ги опфаќа општините: Берово, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пробиштип и Пехчево
- **Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led Lighting Project)**
  Кој ги опфаќа општините: Виница и Делчево
- **Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот**

Кој ги опфаќа општините: Чешиново – Облешево и Штип

- **Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион**

  Кој ги опфаќа сите 11 (единаесет) општини во состав на Источен плански регион

Сите предуслови на поддржаните четири приоритетни концепти од страна на Советот за развој на Источен плански регион во однос на регионален карактер, влегување во финансиската рамка и да се реално остварливи, се исполнети, а останатите два концепти се во план и реализација по други основи.

Надворешниот експерт Славица Ристовска направи осврт на одобрените концепти од Советот за развој на Источен плански регион на кои се направи процена на придобивките и трошоците (cost benefit анализа), при што истакна дека оваа анализа се базира на придобивките и трошоците на општествени инфраструктурни проекти преку квалитативна анализа на општествената корист од истите, со исплатливост на инвестицијата пресметувана за период од 25 години.

По презентацијата на надворешниот експерт и дискусија по однос на концептите, модераторот ги информираше учесниците дека следува моментот кога треба да се изврши приоретизација на предлог концепти, при што бодувањето треба да се изврши по принцип на најголема важност, а ги потсети и дека сите концепти се поделени на секоја од работните маса. Воедно, модераторот и ко-модераторот ги потсетија присутните за начинот на гласање и финалното рангирање.

Резултатите од приоретизирање на предлог концептите според бодувањето по работни маси се следни:

| | Наслов на проектот | Носител | Партнер | Вкупен буџет на проектот (МКД) | Побарано од проектниот фонд (МКД) | РаМ Рурален развој и земјоделие | [illegible] | РаМ Животна средина | РаМ Економија/пазар на труд и бизнис сектор | [illegible] | [illegible] | РаМ Туризам и Култура | Вкупен број поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led Lighting Project) | Источен Плански Регион | Виница, Делчево | 10,012,000.00 | 9,010,800.00 | 3 | 1 | 4 | 2 | 3 | 3 | 3 | 19 |
| 2 | Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот | Источен Плански Регион | Чешиново - Облешево, Штип | 11,000,000.00 | 10,460,000.00 | 2 | 3 | 1 | 3 | 2 | 2 | 1 | 14 |
| 3 | Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР) | Источен Плански Регион | Берово, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пробиштип и Пехчево | 41,573,871.00 | 32,584,445.00 | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 26 |
| 4 | „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион" | Источен Плански Регион | Штип, Карбинци, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Кочани, Зрновци, Виница, Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица | 6,000,000.00 | 5,400,000.00 | 1 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 11 |

По јавното презентирање на бодовите за секој од четирите предлог концепти од страна на претставниците на секоја од работните маси, се изврши финално рангирање по приоритетност на предлог концептите по убедување на учениците на форумот и тоа по следниот редослед:

1. Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ(Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР) – **26 поени;**
2. Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led Lighting Project) – **19 поени;**
3. Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот – **14 поени;**
4. Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион – **11 поени.**

На самиот крај следуваше оценка на сесијата од страна на учесниците и најава за следните чекори. Директорката на Центарот за развој на Источен плански регион г-ѓа Зујица Ангелова истакна дека во тек на месец јануари 2024 година се очекува да се добие известување од Бирото за регионален развој за утврдениот буџет и класификација, по што од страна на Центарот за развој на Источен плански регион ќе следи разработување на овие 4 концепти во целосна апликација.

Втората форумска сесија заврши околу 14 часот при што модераторот се заблагодари за учеството во форумскиот процес на сите присутни и посака успех во реализацијата на приоритетните проекти кои што беа идентификувани благодарение на партиципативното учество на заинтересираните страни во Источниот плански регион.

***Заклучоци и препораки***

Сесијата помина во најдобар ред соодветно дневниот ред и поставените цели и беа постигнати следните резултати:

- Презентирани концепти и Cost benefit анализа на предлог концептите;
- Утврдени четири приоритетни концепти со регионален карактер;
- Гласање за приоритизација на предложените концепти;
- Утврдување на приоритети според број на гласови;
- Оценета сесија;
- Најавени следни чекори.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

| |
|---|
| Прашалник за оценка на Втората форумска сесија пополниле сите 56 учесници. |
| Во однос на половата застапеност, 44.64% или 25 лица од присутните се мажи, додека пак 55,36% или 31 лице од присутните учесници се жени. |
| Ако се погледне возрасната структура, 19,64% од присутните се на возраст 18-34 години, 75% се на возраст од 35-60 години, додека пак 3 лица се постари од 60 години. |
| Од доставените прашалници е воочливо дека 98,21% од учесниците се идентификувале како Македонци, додека пак 1 учесник се изјаснил како припадник на Влашката заедница. |
| Во однос на корисноста на Втората форумска сесија, 96,43% од учесниците се изјасниле дека форумската сесија била корисна, а што се однесува за прашањето за постигнување позитивни резултати и очекувања – 92,86% сметаат дека форумската сесија ги исполнила нивните очекувања. |
| Согласно дадените оценки за квалитетот, организацијата и спроведувањето на форумската сесија, 71,43% од присутните сметале дека организацијата и квалитетот на сесијата бил на највисоко ниво, 21,43% се изјасниле дека добиле за многу добар впечаток за форумската сесија, додека пак 2 учесници ја оцениле сесијата со средна оценка. За останатите оценки се изјасниле 1,79% од учесниците. |
| Учесниците кои што беа присутни на Втората форумска сесија во најголем дел, односно 80,36% се претставници на јавниот сектор т.е. вработени во јавните институции од Источниот плански регион. По еден претставник имаше од бизнис секторот, едно лице се изјаснило како невработено, шест претставници од граѓанскиот сектор, како и тројца претставници пензионери. |
| Како коментари/препораки од Втората форумска сесија, учесниците сметаат дека организација била на соодветно ниво, искажале пофални зборови за организацијата на сесијата, дека очекувањата биле исполнети, како и препорака за зголемување на средствата кои што се достапни за да можат што повеќе проблеми на граѓаните од Истокот да бидат адресирани. |

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН • ШТИП

Записничар:
Зорица Шуманска

**Прилози** - Табела согласно активности по сесија

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| Р. бр. | Област | Предложено од | Рангиран/ избран | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси | 34 учесници | 1/ Избран | |
| 2 | С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги | 24 учесници | 2/ Избран | |
| 3 | С.Ц.5. Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација | 6 учесници | | |
| 4 | С.Ц. 1. Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот | 1 учесник | | |
| 5 | С.Ц.4. Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини | 1 учесник | | |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија за проекти од МЛС/БРР (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање-предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1.1. Несоодветни, лоши услови за одвивање на воспитно – образовен процес; Несоодветни услови, недостиг од капацитети за одвивање на | ✓ Реконструкција, ЕЕ на образовни објекти;<br>✓ Набавка на специјализирани возила за смет (поради нови локации за транспорт на отпад); | Препорачано од Работна маса: Образование, спорт и млади | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| инклузивно образование (деца со посебни образовни потреби);<br>1.2. Стари училишни згради, потреба од воведување на мерки за енергетска ефикасност на образовните објекти (застарена столарија, стари фасади);<br>1.3. Недостаток од моторни возила за транспорт на отпад заради затварање на нестандардните депонии и се депонирање отпад на нова локација;<br>1.4. Присуство на голем број на кучиња скитници околу образовните институции; | | | |
| 2.1. Недоволна опременост на општините со опрема за комунална хигиена на еколошки погон (за јавна чистота, за изнесување на комунален отпад); | ✓ Набавка на возило на еколошки погон за транспорт на отпад,<br>✓ Набавка на возила за јавна чистота;<br>✓ Фиторемедијација 2 на земјоделски површини 1000 хектари во општините Македонска Каменица, Пробиштип и Крива Паланка.<br>(загадената почва од постојните рудници да биде засадена со брзорастечки врби, маслодајна репка, да се претвори во обработливо земјиште). | Препорачано од Работна маса: **Животна средина** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.1. Подобрување на лошите енергетски карактеристики на јавните институции;<br><br>3.2. Подобрување на условите за престој на децата со посебни потреби;<br>3.3. Недостаток на специјализирано возило за превоз на лица со посебни потреби<br>3.4. Непостоење на соодветна противпожарна заштитна опрема во образовните институции; | ✓ Реконструкција на детска градинка во Македонска Каменица (замена на азбестен кров и фасада);<br>✓ Сензорни соби;<br>✓ Набавка на специјализирани возила за Дневниот Центар за лица со посебни потреби за Берово и Пехчево;<br>✓ Набавка и монтажа на заштитна противпожарна опрема; | Препорачано од работна маса: **Социјални услуги** | |
| 4.1. Лоши услови за квалитетно образование во регионот;<br>4.2. Неквалитетно јавно осветлување;<br>4.3. Недоволно искористени ОИЕ во објекти на јавни институции; | ✓ Создавање на енергетски ефикасни згради;<br><br>(Реконструкција на фасада на средно медицинско училиште; Реконструкција на подрачно основно училиште во с. Радање, општина Карбинци)<br><br>✓ Потреба од замена на енергетски неефикасни светилки со ЛЕД светилки во повеќе општини од регионот;<br>✓ Замена на азбестни кровови на јавни институции и на ЈКП и поставување на фотоволтаици во повеќе општини од регионот; | Препорачано од работна маса: **Рурален развој и земјоделие** | |
| 5.1. Недостаток на противпожарна заштита на Осоговскиот плански регион (Општините Кочани, Пробиштип, Македонска Каменица и Делчево); | ✓ Опрема за справување со пожари на отворен простор и шумски пожари;<br>✓ Набавка на возила; | Препорачано од работна маса: **Животна средина** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.2. Недостаток од комунални возила за вклучување во регионалниот систем за управување со отпад;<br>5.3. Енергетска ефикасност на улично осветлување<br>5.4. Потреба од реконструкција на образовните установи од регионот преку воведување на мерки за ЕЕ | ✓ Едукација за ученици од средни општински училишта; | | |
| 6.1. Недостаток на услови за квалитетно образование, стари образовни институции<br>6.2. Поттикнување на иновативни модели за користење на ОИЕ во сите општини | ✓ Реконструкција на училишта и градинки<br>✓ Потреба од набавка на електрични возила за вршење на општинските дејности; | Препорачано од работна маса: **Здравствени услуги / здравство** | |
| 7.1. Неефикасни енергетски јавни објекти (општински, образовни и останати јавни објекти);<br>7.2. Проблем со кучиња скитници;<br>7.3. Застарен и недоволен број на возила во возните паркови на општините;<br>7.4. Недостаток на млад стручен кадар посебно кај занаетчиите;<br>7.5. Присуство на сива економија; | ✓ Воведување на ЕЕ мерки на јавни објекти;<br>✓ Потреба од Регионален стационар за кучиња скитници;<br>✓ Набавка на електрични возила; | Препорачано од работна маса: **Економија, пазар на труд и бизнис сектор;** | |
| 8.1. Подобрување на услови за поквалитетно образование;<br>8.2. Недостаток од туристичка инфраструктура и ЛЕД осветлување;<br>8.3. Намалување на емисиите на СО2; | ✓ Реконструкција на јавни објекти, ЕЕ на јавни објекти;<br>✓ Замена и ново ЛЕД осветлување;<br>✓ Набавка на возила на еколошки погон за јавни институции; | Препорачано од работна маса: **Туризам и култура** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8.4. Заштита и превенција од шумски пожари;** | ✓ **Набавка на противпожарна опрема;** | | |

**Табела 2.1.** Презентирани концепти и препораки од Втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака - предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led Lighting Project) | / | / |
| Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот | / | / |
| Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР) | / | / |
| Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион | / | / |

Табела 2.2. Одлуки од форумот на втората форумска сесија

| Ред. бр. | Наслов на концептот | Носител/ Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР) | ЦРИПР / Берово, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пробиштип и Пехчево | 41,573.871,00 | 26 | 1 | / |
| 2 | Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led Lighting Project) | ЦРИПР / Виница, Делчево | 10.012.000,00 | 19 | 2 | / |
| 3 | Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот | ЦРИПР / Чешиново – Облешево, Штип | 11.000.000,00 | 14 | 3 | / |
| 4 | Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион | ЦРИПР / Штип, Карбинци, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Кочани, Зрновци, Виница, Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица | 6.000.000,00 | 11 | 4 | / |